Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, Уп1 бр.02-322 од 14.10.2022 година, со дополнување од 19.10.2022 година, согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-4013/4 од 03.11.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 41-та седница одржана на 03.11.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, и тоа:

- за истапување на физичкото лице Дафинка Костадинова, со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted], со учество од 100% во основната главнина и
- за пристапување на физичкото лице, Бранко Ивановски, со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул[redacted], со учество од 100% во основната главнина.

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-322 од 14.10.2022 година), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница.

При увид во доставеното Известување за промена на сопственичка структура, Уп1 бр.02-322 од 14.10.2022 година и приложената документација кон истото беше констатирано дека документацијата не е уредна, во смисла на тоа што доставеното Генерално полномошно, за лицето овластено да го поднесе предметното известување за промена на сопственичка структура не беше во оригинал, ниту копија заверена на нотар, што е спротивно на Правилникот за начинот на доставување на пропратната документација кон дописите и пријавите упатени до архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-4993/1 од 14.10.2014 година, согласно кој доставувањето на барањата заедно со пропратната документација за известување на промена на сопственичка структура до архивата на Агенцијата се врши во оригинал или копии заверени на нотар. Имајќи го предвид наведеното, Агенцијата по телефонски пат го извести полномошникот на ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница и побара од него да го доуреди Известувањето, Уп1 бр.02-322 од 14.10.2022 година.

---

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

На 19.10.2022 година, ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница до Агенцијата достави нотарски заверена копија од Генералното полномошно, број УЗП 2981/2022 од 14.10.2022 година. Со оглед на тоа, се утврди дека вака доставеното Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-322 од 14.10.2022 година, со дополнувањето од 19.10.2022 година е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура.

За да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, Агенцијата на 19.10.2022 г. обезбеди „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба", арх.бр.0818-50/150020220269216 од 19.10.2022 г. од интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ, од која е видно дека физичкото лице Бранко Ивановски се јавува како сопственик и управител на Друштвото за производство, трговија и услуги ИНВЕСТГРУПВИН ДООЕЛ Виница, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 47.11 – Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун, како и „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба", арх.бр.0818-50/150020220269229 од 19.10.2022 г., од која е видно дека наведеното правно лице не се јавува како основач на трговски друштва. Дополнително, Агенцијата на 25.10.2022 г. изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ и обезбеди Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик за Бранко Ивановски, бр.2007-50/150020220273734 од 25.10.2022 г. со којашто ги потврди горенаведените податоци.

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница не се создава недозволена медиумска концентрација, во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп1 бр.02-322 од 14.10.2022 година, со дополнување од 19.10.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**

**Бр.02-322**
**04.11.2022 година**
**С к о п ј е**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.